РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Бр. 01-315
30.06 2022 год.
ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ

ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"

# ИЗВЕШТАЈ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

## за работата на ООУ„Гоце Делчев"- Општина Аеродром




Скопје, јуни 2022 год.

Извештајот е изготвен врз основа на Правилникот за индикатори за квалитет на рабоатта на училиштата –Државен просветен инспекторат на ( Скопје 2019 год) и член 129 од Законот за основно образование (Сл. Весник на РСМ бр.161, од 5.8.2019г.) .

**Лична карта на ООУ,,Гоце Делчев" - Општина Аеродром**

ООУ„ Гоце Делчев" како основно/централно училиште, според реонизацијата од Општина Аеродром ја опфаќа територијата од реонот 7, поточно дел од населбата Горно Лисиче. Реонот 7 на запад и северозапад се граничи со ул.,,Димитар Благоев" и ул.,,Тодор Чангов" , на север и североисток со ул. ,,Тодор Чангов " и со реката Вардар и на југоисток и југозапад со железничката пруга.Населението во овој реон е од мешан состав: 90% се Македонци, 3% Роми и 1% Турци, кои наставата ја следат на македонски наставен јазик,а 6% се Албанци кои наставата ја следат на албански наставен јазик, но само од I-Vодделение а понатаму, своето образование го продолжуваат во други училишта во други општини.Со територијалната организација на локалната самоуправа, од учебната 2005/2006 во составот на нашето училиште припадна подрачното училиште од Долно Лисиче.Подрачното ООУ,,Гоце Делчев" - Долно Лисиче ја опфаќа територијата од реонот 8, поточно улиците од ул. ,, 1 ,, до ул. ,, 22 "Во подрачното училиште наставата се реализира од прво до деветo одделение на македонски наставен јазик

***МИСИЈА***

*Училиштето предводи и поттикнува промени кои се патоказ*

*за креативна, здрава и образовна личност.*

***ВИЗИЈА***

*Со усовршување на професионалниот развој на вработените, училиштето ќе ги подготвува учениците да бидат во чекор со новото време, каде со примена на информатичката технологија учениците ќе може да одговарат на новите*

*предизвици кои ги очекуваат, ќе создадеме училиште кое ќе биде отворено за меѓусебна соработка меѓу учениците, родителите, наставниците, локалната средина и пошироко.*

| | | |
|---|---|---|
| адреса, општина, место | Ул: „Горно Лисиче" бр.23 , Општина Аеродром - Скопје | Ул.1 бр.71 Д.Лисиче |
| основано од | Општина Аеродром | Општина Аеродром |
| Година на верификација | 1985 | 1985 |
| Година на изградба | 1924 | 1956 |
| Површина на објектот | 1981,37 м2 | 750 м2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | 800 м2 | 800 м2 |
| Број на паралелки | 20 | 10 |
| Број на подрачни училишта | 1 | |

Бројната состојба на учениците во периодот во кој е извршена самоевалуацијата е следната:

**2020/2021 – 698 ученици** **2021 / 2022 – 688 ученици**

## Извори на податоци при спроведување на Самоевалуацијата

Во процесот на спроведување на самоевалуацијата беше користена целокупната евиденција и документација на училиштето, податоци од професионалните досиеја на наставниците, како и резултатите од спроведените анкетни прашалници за родителите, учениците и наставниците, согласно индикаторите во секое од подрачјата. За изготвување на Самоевалуацијата беа следени насоките од Законот за основно образование ,Од Проектот за модернизација на образованието и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштата изготвени од МОН и ДПИ.

## Тим за самоевалуација на училиштето 2020-2022 год.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.Наставни планови и програми | 1. Сашка Миланова | Одделенски наставник | 1.Маја Вељиќ<br>2.Ана Марија Шашкова<br>3. Марина Васевска<br>4.Блашка У .Трајковска<br>5. Нермин Адем<br>6.Лидија Манаскова |
| 2.Постигања на учениците | 2. Лилјана Анчевска | Одделенски наставник | 1. Даница Соколова<br>2.Јасмина Апостолова<br>3. Миле Ќириќ<br>4. Анита Ј. Јанеска<br>5. Ангелина Илиевска |
| 3.Учење и настава | 3. Маја Весковска | Одделенски наставник | 1.Габриела С. Ѓошевска<br>2.Сузана Божинова<br>3.Јасмина Ѓоргевска<br>4.Анита Гајиќ<br>5.Драгољуб Јаќоски<br>6.Сузана Кулеска |
| 4.Поддршка на учениците | 4. Весна Василевска | Одделенски наставник | 1.Марија Андонова<br>2.Ивана Пети<br>3.Маја Грујовска<br>4.Адријана С. Андова 5.Марјана Мушевска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5.Училишна клима | 5. Ана Веновска | Одделенски наставник | 1.Драган Соколов<br>2.Ирена Додевска<br>3.Тања Дунимагловска -Јониќ<br>4.Александар Кузмановски<br>5.Љуљзиме Љамалари |
| 6.Ресурси | 6. Магдалена И.Трајковска | Предметен наставник-историја и граѓанско образ. | 1.Веселин Михајловски<br>2.Сања Атанасовска<br>3.Мара Кристо<br>4.Тања Стојкоска<br>5.Мартина Боглева<br>6.Наташа Јакимовска |
| 7.Управување ,раководење и креирање политика. | 7. Христина Анѓелеска | Одделенски наставник | 1.Дејан Дамјановски<br>2.Маја Смилеска<br>3.Елена Спасовска<br>4.Сања Саркисјан<br>5.Слаѓана Јовановиќ |

**Училишната Комисија е формирана од директорот на училиштето и донесена со решение со број 02-425/2 од 6.11.2020 год. во состав:**

1.Силвана Матиловска – педагог

2.Елена Спасовска –психолог

3.Снежана Миленкова –специјален едукатор и рехабилитатор

4.Тајна Јовановска –одд.наставник

5. Сузана Павловска – одделенски наставник

6.Мери Глигорова -Совет на родители

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Гоце Делчев" - Скопје**

**Подрачје 1: Наставни планови и програми**

**1.1. Реализација на наставните планови и програми**

**1.2. Квалитет на наставните планови и програми**

**1.3.Воннаставни активности**

**Индикатори за квалитет на работата на училиштето**

**Подрачје бр.1.**
**Наставни планови и програми**

| Индикатори за квалитет | Констатирана состојба по теми | Извори на податоци |
|---|---|---|
| **1.1. Реализација на наставните планови и програми** | **Применувани наставни планови и програми**<br>- Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.<br>- Наставата целосно се организира и реализира согласно наставниот план за основното образование.<br>- При реализацијата на наставните предмети нема отстапувања од наставните програми.<br>- Наставните планови и програми доставени од Министерството за образование–Бирото за развој на образованието им се достапни на сите наставници, а наставниците редовно се запознаваат со измените и дополнувањата на наставниот план доколку ги има пред почетокот на неговата примена.<br>- Врз основа на наставните планови и програми, наставниците пред почетокот на секоја учебна година изработуваат годишни и тематски планирања по сите наставни предмети (задолжителни и изборни) и за слободните ученички активности.<br>- Пред почетокот на секоја учебна година, училиштето изработува Годишна програма | - Наставни планови и програми донесени од Министерството за образование и наука;<br>- Годишната програма за работа на училиштето;<br>- Годишни и тематски планирања на наставниците;<br>- Акти на училиштето (статут);<br>- Педагошката евиденција и документација (следење на педагогот и директорот, извештаи)<br>-Чек листа за проверка на |

| | | |
|---|---|---|
| | во која ги планира севкупните активности за реализација на наставните планови и програми како и за реализација на вонннаставните активности. Во Годишната програма се дадени и приоритетни задачи за работа на училиштето кои произлегуваат од долгорочните цели дадени во Развојниот план на училиштето. Годишната програма се разгледува од страна на Наставничкиот совет, Училиштниот одбор ја предлага за усвојување на Советот на Општината. Процедурата за донесување на Годишна програма е целосно запазена. | годишни планирања |
| **1.1. Реализација на наставните планови и програми** | **Информираност на родителите и на учениците за наставните планови и програми**<br>- Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни медиуми (начини) да ги информира членовите на Советот на родители, другите родители, учениците, како и сите други кои бараат информација, за целите на наставните планови и програми што се реализираат. Истовремено во планирањето се вклучени и програмите за меѓуетничка интеграција. За учениците кои се со ПОП се прави ИОП кој го подготвува инклузивниот тим на детето со вклученост на родителите, преку кој тие целосно се информирани за бараните цели.<br>- Родителите се запознаваат со наставните планови и програми на родителските средби и состаноци на Советот на родителите.<br>- Учениците се запознаваат со наставните планови и програми на првите часови на почетокот од учебната година и пред почетокот на секоја тема.<br>- Во дневниците и во одделенска и во предметна настава уредно се водат записници од родителските средби и од Одделенски совети.<br>- Информации за наставните планови и програми можат да се најдат и на веб страната на БРО (www.bro.gov.mk) и кај соодветните наставници, директорот или стручната служба во училиштето. | - Педагошка евиденција и документација<br>- Записници од Училишниот одбор, советот на родители и стручните органи на училиштето<br>- Записници од родителски средби и Одделенски совети<br>- ИОП за ученици<br>-Решенија за инклузивен тим |
| **1.1. Реализација на наставните планови и програми** | **Изработување индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби**<br>-Училиштето има капацитети да ги приспособува наставните програми по сите предмети според можностите на децата со посебни образовни потреби. И во нашето училиште има ученици со посебни потреби кои наставата ја следат во редовните паралелки.<br>-Во училиштето постои инклузивен тим со пропишана процедура, кој изработува програми за овие ученици (ИОП) врз основа на програмите по сите наставни предмети и со учество на дефектологот.<br>-Дефектологот врши интерна обука и им дава поддршка и помош на наставниците за работа со овие деца во одделни аспекти на наставата. | - Стручните упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми (материјали од обуки за нови наставни програми, прирачници);<br>- Педагошката евиденција и документација<br>-Програмата на дефектологот<br>- ИОП |